Врз основа на член 61 став 2 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на Република Македонија", бр. 61/2004), министерот за финансии донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за формата и содржината на службена легитимација на даночен извршител**
("Сл. Весник на РМ" бр. 47/2005)

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на службената легитимација на даночен извршител (во натамошниот текст: Службена легитимација).

Образецот на службената легитимација е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

**Член 2**

Образецот на службената легитимација се печати на бездрвна хартија со сино-бела боја, со димензии 6x9 см, заштитен со пластична фолија.

На предната страна образецот на службената легитимација содржи натпис: Република Македонија, Општина ------------, или Град Скопје, СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА, ДАНОЧЕН ИЗВРШИТЕЛ. Во средината има место за фотографија со димензии 2,5x3 см, а под неа се впишуваат податоци за: името и презимето на даночниот извршител, регистарски број на легитимацијата, потпис на градоначалникот на општината или на градот Скопје и место за печат. Во долниот дел е отпечтен серискиот број на службената легитимација.

Задната страна на образецот на службената легитимација ги содржи грбот на Република Македонија и овластувањата на даночниот извршител согласно Законот за даноците на имот низ кој е втиснат симболот на општината или градот Скопје.

**Член 3**

Службената легитимацијата има важност се додека лицето на кое му е издадена има службено својство на даночен извршител.

Даночниот извршител на кој ќе му престане работниот однос во општинската администрација, администрацијата на општините во градот Скопје или во администрацијата на градот Скопје, или ќе му престане службеното својство на даночен извршител ја враќа службената легитимација на општинската администрација.

**Член 4**

Во случај на губење на службената легитимација или ако на друг начин се остане без неа, даночниот извршител веднаш ја известува општинската администрација, администрацијата на општините во градот Скопје или администрацијата на градот Скопје, ја огласува за неважечка на сопствен трошок и му се издава нова легитимација.

**Член 5**

Службената легитимација се заменува со нова кога заради оштетување или дотраеност ќе стане неупотреблива, како и кога имателот на службената легитимација ќе ги промени личните податоци.

**Член 6**

Службената легитимација што се враќа или заменува се поништува.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01 јули 2005 година.

Број 10-----
---- јуни 2005 година
Скопје

**МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ**
М-р Никола Поповски

Република Македонија
ОПШТИНА ---------------------
**ГРАД СКОПЈЕ**

СЛУЖБЕНА ЛЕГИТИМАЦИЈА
**ДАНОЧЕН ИЗВРШИТЕЛ**

**име и презиме**

**Регистерски број**

**Потпис на градоначалникот** **М.П.**

**Серикси број:**

Предна страна на образецот

**ОВЛАСТУВАЊА**

**Даночниот извршител, согласно со Законот за даноците на имот е овластен да врши работи на присилна наплата на даночен долг, парични казни и камати и тоа попис и процена на имотот и да врши јавна продажба на предмети**

Задна страна на образецот

```
ERROR: syntaxerror
OFFENDING COMMAND: --nostringval--

STACK:

/Title
()
/Subject
(D:20050725104239)
/ModDate
()
/Keywords
(PDFCreator Version 0.8.0)
/Creator
(D:20050725104239)
/CreationDate
(Miroslav Jovanovic)
/Author
-mark-
```